**Прашања и одговори добиени по писмен пат**

**Прашање број 1:** Во делот 3. Услови за учество на повикот имате наведено „Вкупните годишни приходи остварени за 2022 година да не надминуваат износ од 100.000 евра во денарска противвредност годишно"

Додека во делот 4. Постапка за поднесување на пријава потребно е да се достават финаниски извештаи за 2023 година.

**Одговор:** Направена е техничка печатна грешка во повикот во делот 3, односно потребно е организацијата да нема приходи поголеми од 100.000 евра во денарска противвредност во претходната фискална година, односно во 2023 година.

***

**Прашање број 2:** Дали тема на предлог проектот на организациите може да бидат климатските промени и акциите на локалното население и локалните власти за превземање на мерки? Односно дали темата климатски промени може да се обработува во предлог проектот со кој што сакаме да аплицираме?

**Одговор:** Согласно повикот за доделување грантови на граѓански организации за спроведување акции за заштита на животната средина, **општата цел** на повикот е да се зајакне владеењето на правото во животната средина, особено во борбата против еколошките злосторства и други сериозни прекршоци преку ефективно административно и кривично спроведување во согласност со стандардите на ЕУ и Зелената агенда за Западен Балкан, додека **приоритетни области** се (1) Следење и реагирање (watchdog активности) за спроведување на законодавството поврзано со животната средина и превенција на кривични дела против животната средина на локално ниво; (2) Спроведување заеднички иницијативи преку партнерство со различните нивоа на власт и/или бизнис секторот за конкретни зелени активности; (3) Застапување за специфични "горливи" прашања од областа на животна средина кои се однесуваат на 5те области од Зелената Агенда за Западен Балкан: (1) климатска акција, вклучувајќи декарбонизација, енергетика и мобилност, (2) циркуларна економија, осврнувајќи се особено на отпадот, рециклирањето, одржливото производство и ефикасното користење на ресурси, (3) биодиверзитет, со цел заштита и обновување на природното богатство на регионот, (4) борба против загадување на воздухот, водата и почвите и (5) одржливи системи за храна и рурални области.

Оттука, секоја активност која потпаѓа во рамки на некоја од приоритетните области и придонесува кон општата цел, може да спадне во рамки на предлог проектите.

***

**Прашање број 3:** Би сакал да ве консултирам во врска со идејата на проектот дали се поддржуваат проекти за јавна свест што е поврзано со ученици од средните училишта и кампања за истата тема?

**Одговор:** Согласно повикот за доделување грантови на граѓански организации за спроведување акции за заштита на животната средина, **општата цел** на повикот е да се зајакне владеењето на правото во животната средина, особено во борбата против еколошките злосторства и други сериозни прекршоци преку ефективно административно и кривично спроведување во согласност со стандардите на ЕУ и Зелената агенда за Западен Балкан, додека **приоритетни области** се (1) Следење и реагирање (watchdog активности) за спроведување на законодавството поврзано со животната средина и превенција на кривични дела против животната средина на локално ниво; (2) Спроведување заеднички иницијативи преку партнерство со различните нивоа на власт и/или бизнис секторот за конкретни зелени активности; (3) Застапување за специфични “горливи” прашања од областа на животна средина кои се однесуваат на 5те области од Зелената Агенда за Западен Балкан: (1) климатска акција, вклучувајќи декарбонизација, енергетика и мобилност, (2) циркуларна економија, осврнувајќи се особено на отпадот, рециклирањето, одржливото производство и ефикасното користење на ресурси, (3) биодиверзитет, со цел заштита и обновување на природното богатство на регионот, (4) борба против загадување на воздухот, водата и почвите и (5) одржливи системи за храна и рурални области.

Оттука, секоја активност која потпаѓа во рамки на некоја од приоритетните области и придонесува кон општата цел, може да спадне во рамки на предлог проектите.

***

**Прашање број 4:** Во врска со точка 3 од Јавниот повик за доделување грантови на граѓански организации за спроведување акции за заштита на животната средина, односно услови за учество на повикот (точка 3.1) и ограничувањето Организацијата да не користи оперативен грант од Европска Унија. Ве молиме да не известите дали доколку моментално спроведуваме два проекти од програмата за прекугранична соработка во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) кои започнаа во 2020 година и тековно се затвораат по неколку продолжувања (заради доцнење на импллементација од страна на општините) може да аплицираме на Вашиот Повик.

**Одговор:** Ограничувањето од алинејата 4 од точката 3.1. од Јавниот повик се однесува за оперативни грантови доделени од Европската Унија со кои се финансираат оперативни трошоци на организацијата.

***

**Прашање број 5:** Нашата организација има потпишано меморандум за соработка со Општина ххх по однос на ревитализација и ставање во фунција на ххх.

Дали треба како пропратна документација да се достави и потпишаниот меморандум за соработка со xxx?

**Одговор:** Меморандумот за соработка не е задолжителен документ кој мора да се прикачи кон апликацијата за грант.

***

**Прашање број 6:** Дали доколку проектниот координатор не е вработен во здружението треба неговиот надомест да се буџетира во делот човечки ресурси или не?

**Одговор:** Во делот за човечки ресурси се буџетираат само плати кои се исплаќаат врз основа на договор за вработување, додека хонорари кои ќе се исплаќаат врз основа на договори за дело или договори за вршење услуги се буџетираат во делот за директни трошоци.